РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-633/17
20-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Елена Спасеновска и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Управниот одбор на ДУД „Мирка Гинова"-Битола, кој не утврди повреди на одредбите од ЗСКСИ, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-633/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Елена Спасеновска – директор на ДУД „Мирка Гинова" Битола, има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до ДУД „Мирка Гинова" Битола за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Мери Поповска – мајка на сопругата на пратеникот Александар Кирацовски.

По разгледување на доставената документација од страна на ДУД „Мирка Гинова" Битола за лицето Мери Поповска, Државната комисија констатираше дека работното место во Државниот Училишен Дом „Мирка Гинова" –Битола, Самостоен Референт за деловно работење е ново креирано работното место. Тоа работно место не било предвидено во Правилникот за систематизација на работните места и со Планот за вработување во 2018 год на ДУД „Мирка Гинова"-Битола. Со измените и дополнувањата на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизацијата за работни места во април 2018 година, било дополнително додадено ново работно место „Ниво Г-01 секретар/технички секретар, самостоен референт за деловно работење. Бил изменет и Годишниот план за вработување за 2018 година. Дополнително направените измени оставаат сомнеж за можно влијание при вработувањето на Мери Поповска.

Државната комисија утврди дека од страна на одговорното лице на ДУД „Мирка Гинова" Битола е повреден член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно како лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотребува својата положба за остварување на корист.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Поради наведените причини Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Елена Спасеновска – директор на ДУД „Мирка Гинова" Битола до Управниот одбор на ДУД „Мирка Гинова" Битола како надлежен орган кој извршил именување.

По однос на поднесената Иницијатива, Управниот одбор на ДУД „Мирка Гинова" Битола достави одговор во кој е наведено дека не поведува постапка за утврдување на одговорност на наведеното службено лице и ја смета Иницијативата на Државната комисија неоснована. Понатаму наведуваат дека Мери Поповска – мајка на сопругата на пратеникот Александар Кирацовски по нејзино барање (изјава) дадена на 07.05.2019 година побарала по искористување на годишниот одмор од осум дена да и престане работниот однос во ДУД „Мирка Гинова" Битола, заклучно со 20.05.2019 година. Со Решение за престанок на важност на договор за вработување бр. 04-145/4 работниот однос на Мери Поповска престанал на 20.05.2019 година.

На седницата одржана на ден 18.05.2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Елена Спасеновска, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk